СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

Адреса: Филип Втори Македонски бр. 6, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: 02 3295 295
Е-маил: sbank@stb.com.mk
Веб страна: www.stb.com.mk
ЕМБС: 4065549

Б А Р А Њ Е

за пренесување на платежна сметка

(согласно Дел четврти, глава IV од Законот за платежни услуги и платни системи (во натамошниот текст: Законот))

Јас долупотпишаниот: _____, со ЕМБГ _____, со документ за лична идентификација _____, број: _____, издадена од _____, број на клиент _____, адреса: _____, телефон_____, електронска пошта _____ и број на платежна сметка отворена кај Стопанска Банка АД – Скопје на која сакам да го извршам пренесувањето: _____ ,

со ова барање за пренесување на платежна сметка, изјавувам дека, врз основа на одредбите од дел четврти, глава IV од Законот, ја овластувам Стопанска Банка АД – Скопје, во улога на давател на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка, да ги изврши сите активности, согласно одредбите од Законот за пренесување на платежната сметка на мое име и со број: _____, валута: _____, којашто ја одржува давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка (име на давател на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка), и тоа:

1. Ја овластувам Стопанска Банка АД – Скопје во улога на давател на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка да побара извршување на активностите наведени во точките 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5 и 1.6 од ова барање и го овластувам давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка да ги исполни истите во дефинираните рокови согласно Законот:

1.1 ☐ Да достави на Стопанска Банка АД – Скопје листа на постоечките трајни налози за кредитни трансфери и расположливите информации за мандатите за директните задолжувања.

1.2 ☐ Да достави на Стопанска Банка АД – Скопје расположливи информации за повторливите приливни кредитни трансфери и за мандатите за директни задолжувања, кои биле извршени во корист или на товар на мојата платежна сметка во претходните 13 месеци.

1.3 ☐ Да прекине со прием на директни задолжувања и на приливни кредитни трансфери од датумот определен во ова барање, доколку давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка нема воспоставен систем за автоматско пренасочување на приливните кредитни трансфери и на директните задолжувања кон мојата платежна сметка кај давателот на платежните услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка.

1.4 ☐ Да ги отповика трајните налози од датумот определен во ова барање за пренесување на платежната сметка.

1.5 ☐ Да го пренесе преостанато позитивното салдо на парични средства на мојата платежна сметка кај Стопанска Банка АД – Скопје на датумот определен во ова барање.

1.6 ☐ Да ја затвори платежната сметка на датумот определен во ова барање.

Сакам датумот за извршување на активностите од потточките 1.3, 1.4, 1.5 и 1.6 од ова барање да биде: _____ .

☐ Сакам да добијам копија од информациите добиени во потточките 1.1 и 1.2 од ова барање.

☐ Не сакам да ги префрлам приливните кредитни трансфери, трајни налози и мандатите за директно задолжување од/до следните договорни страни:

_____

_____.

2. По добивањето на информациите од точка 1 од ова барање од давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка, ја овластувам Стопанска Банка АД – Скопје во улога на давател на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежната сметка да ги спроведе следните активности во дефинираните рокови согласност со одредбите од Законот:

2.1. ☐ Да изготви трајни налози од мое име врз основа на добиените информации за елементите на активните трајни налози и започне со извршување веднаш¸ по датумот на нивното изготвување.

2.2. ☐ Да ги направи сите потребни подготовки за прифаќање на директни задолжувања, а за кои добил информации од давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето, и да започне со нивно прифаќање, веднаш.

2.3. ☐ Да ги информира плаќачите коишто вршат повторливи приливни кредитни трансфери во корист на мојата платежна сметка кај давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка, за податоците на платежната сметка отворена кај Стопанска Банка АД – Скопје и да им достави копија од ова барање.

2.4. ☐ Да ги информира примачите кои користат директно задолжување за наплата на парични средства од платежната сметка кај давателот на платежни услуги што врши пренесување на платежна сметка, за податоците на мојата платежна сметка отворена кај Стопанска Банка АД – Скопје и за датумот, од којшто може да се наплатуваат директните задолжувања од оваа платежна сметка и да им даде копија од ова барање.

☐ Изјавувам дека лично ќе ги дадам информациите наведени под точките 2.3. и 2.4. од ова барање.

3. Со поднесување на ова барање, изјавувам:

Јасно ми е, дека платежната сметка којашто се води кај давателот што го врши пренесувањето на платежната сметка, нема да биде пренесена кај Стопанска Банка АД – Скопје доколку кон давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето имам неизмирени обврски за платежната сметка.

Јасно ми е дека информациите за платежните трансакции претставуваат деловна тајна согласно Законот и сум согласен да биде откриена од давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка на Стопанска Банка АД – Скопје.

Согласен сум моите лични податоци, со коишто располагаат Стопанска Банка АД – Скопје и давателот на платежни услуги што го врши пренесувањето на платежната сметка, да ги разменуваат меѓусебно а со цел пренесување на платежната сметка кај Стопанска Банка АД – Скопје.

Место:_____

Име, презиме и потпис на корисникот на платежни услуги: Датум: _____

_____

За давателот на платежни услуги што го прима пренесувањето на платежни услуги

Потпис на вработен кој го примил барањето: Датум: _____

_____

Филијала која го примила барањето:

_____